РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar: 06-08-2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 03 | 2119/1 | | |

**До: Државна комисија за спречување на корупцијата**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]:
[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Финансиски извештаи доставени до институцијата за парламентарните избори одржани на 8 мај 2024 година за следните онлајн портали:**

- **Канал 5**
- **Тв Клан**
- **Тв Алфа**
- **360 степени**
- **Курир**
- **Лидер**
- **Телеграф**
- **Журнал**
- **Тетовасот**
- **МКД**
- **Слободен печат**
- **Ммс**
- **Инфомакс**
- **Фактор**
- **Алмакос**
- **Експрес**
- **Грид**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил –** [redacted]
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во: Скопје 01.08.2024**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-2119/2
12-08-2024 г./v

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-2119/1 од 06.08.2024 година, доставено од [redacted], го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-2119/1 од 06.08.2024 година, доставено од [redacted] СЕ УВАЖУВА.

Бараната информација до барателот на информацијата да се достави на начин наведено во барањето.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата, [redacted], до ДКСК преку електронска форма достави барање за пристап до информации од јавен карактер со кое побара: ***„Финансиски извештај доставени до институцијата за парламентарните избори одржани на 8 мај 2024 година за следните онлајн портали: Канал 5, Тв Клан, Тв Алфа, 360 степени, Курир, Лидер, Телеграф, Журнал, Тетовасот, МКД, Слободен печат, Ммс, Инфомакс, Фактор, Алмакос, Експрес, Грид"***.

По разгледување на барањето се констатираше следното:
Од страна на Тв Алфа и Лидер до ДКСК е доставен извештај за рекламен простор искористен од учесниците во изборна кампања и истите се објавени на следниот линк на веб страната на ДКСК:
https://dksk.mk/mk/%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%bb%d0%b0%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b0%d1%80%d0%bd%d0%b8-%d0%b8%d0%b7%d0%b1%d0%be%d1%80%d0%b8-2024/
https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/05/12-1570-65.pdf .

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од страна на Канал 5 до ДКСК не е доставен извештај за интернет портали, доставен е извештај за рекламен простор искористен од учесниците во изборна кампања за телевизии и истиот е објавен на следниот линк на веб страната на ДКСК: https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/05/12-1570-28.pdf .

Од страна на Тв Клан, 360 степени, Курир, Телеграф, Тетовасот, МКД, Слободен печат, Ммс, Инфомакс, Фактор, Алмакос, Експрес, Грид до ДКСК не е доставен извештај за рекламен простор искористен од учесниците во изборна кампања.

Од страна Журнал до ДКСК не е доставен извештај за рекламен простор искористен од учесниците во изборна кампања и не е пронајден во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали).

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице

Да се достави до:
- подносителот